*ОПШТИНА КАРПОШ*
*ГРАДОНАЧАЛНИК*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број: 04 -9855/2
Датум: 11.12.2018 год.
Скопје

Врз основа на член 22, став 1, став 1 и член 23 од Законот за работните односи ("Службен весник на РМ" бр. бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 27/16 и 120/18) и Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Карпош бр. 10-6389/1 од 01.09.2015 година, и Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општина Карпош бр. 10-8124/1 од 14.09.2016, бр. 11-200/1 од 12.01.2017 година, бр. 11-1324/1 од 13.02.2018 година и бр. 11-4624/1 од 15.05.2018 година Општина Карпош објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС
## за вработување на работник на неопределено време

Општина Карпош има потреба за вработување на работник на неопределено време на следното работно место:

1. УПР0405А02001, ниво – Други помошно технички лица – II ниво - за работно место: Хигиеничар во Одделение за помошни работи, Сектор за поддршка на Градоначалникот, ........................................................................ 1 (еден) извршител

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Македонија,
- да е полнолетен ,
- да има општа здравствена способност за работното место

**Посебни услови:**
- стручни квалификации – основно образование, III степен или гимназиско образование,
- со или без работно искуство
- работење со други / тимска работа.

**Распоред на работно време:**
- Работни денови: понеделник-петок
- Работни часови неделно : 40
- Работно време од 07,30 до 15,30 часот

**Паричен нето износ на плата :** 14.411,00 денари.

Согласно балансерот од Годишниот план за вработување на Општина Карпош за 2018 извршителот треба да биде Македонец ( ка ).

Огласот трае 5 ( пет) работни дена од денот на неговото објавување во дневните весници, а изборот на кандидатот ќе се изврши во рок од 5 ( пет ) работни дена по истекот на рокот за пријавување.

Комплетната документација со доказите за исполнување на потребните услови и кратко CV, заинтересираните кандидати потребно е да ја достават на следната адреса: Општина Карпош, Ул. “Радика” бр. 9, барака 1 и 2, Скопје, за Јавен Оглас за вработување.

Лице за контакт: Лилјана Шавкулоска
тел: 02 3055 900 и 02 3055 901

ОПШТИНА КАРПОШ